Australian Macedonian
TODAY
35 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXV No 1996 7 FEBRUARY 2025 FREE

# МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ МУЦУНСКИ ВО ПОСЕТА НА АВСТРАЛИЈА



Македонскиот министер за надворешни работи и трговија, Тимчо Муцунски, од 6 до 13 февруари ќе престојува во работна посета на Австралија, во чест на 30 години од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Скопје и Канбера.

Планирана е средба со министерката за надворешни работи на Австралија, Пени Вонг, на средбата се очекува и размена на мислења за актуелните меѓународни прашања.

Во рамките на посетата, министерот Муцунски ќе оствари и средби со македонски и австралиски бизнисмени, како и со членови на групата за пријателство со Македонија во Парламентот на Австралија.

Во петок, на 7 февруари, Престон Македонија го игра на домашен терен првиот натпревар оваа сезонаи ја пречекува екипата на Хјум Сити со почеток во 20:30 часот. На оваа средба се очекува да биде присутен и министерот Тимчо Мицунски.

За недела се најавува слична средба со заедницата на натпреварот на Рокдаел Илинден во Сиднеј, на 9-ти февруари во Спортскиот комплекс „Илинден".


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Мицкоски: Нелогично е тоа што има цигари во минималната кошничка, освен тоа ниту јас во јануари не пробав лубеница, праски или цреши



Премиерот Христијан Мицкоски останал изненаден кога го видел списокот на производи што се пресметуваат во „минималната потрошувачка кошничка“ (список на есенцијални производи и услуги во еден месец за четиричлено семејство во Македонија). Смета дека треба да се интервенира во методологијата за пресметка. Посочи дека не е логично во неа да има цигари и оти тој во јануари не пробал цреши, праски, дињи или лубеница (чии цени се калкулираат во „минималната кошничка“).

- Ја добив таа методологија од синдикатите и ја читав. Забележав таму многу работи и ми делуваа многу чудно. Јас во месец јануари дел од тие производи не ги пробав, како што се диња, лубеница, грозје, цреши, кајсии, праски, не испив 250 грама нескафе, не пушам цигари, а таму се вклучени цигарите. Малку е нелогично да има цигари во минимална кошничка, рече тој.

Мицкоски даде уште една забелешка: ако е минималната потрошувачка кошничка - тогаш не треба да се заснова врз цените во само еден и тоа од поексклузивните синџири на супермаркети во земјата. Туку треба да се земат предвид и поевтините супермаркети па да се избере средина и така да се пресметува минималната потрошувачка кошничка.

Според синдикатите минималната кошничка за јануари 2025 изнесува 63.252 денари (A$1,710 - ако семејството живее во свој стан) односно 78.627 (A$2,125 - ако живее во изнајмен стан).

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## И натаму се бара: Нови 1.700 Македонци во 2024 добиле бугарско државјанство




Речиси 1.700 Македонци во 2024 година добиле бугарски пасоши, покажува годишниот извештај за активностите на Комисијата за бугарско државјанство.

Вкупно 16.500 лица лани добиле бугарско државјанство, што е за 4.000 повеќе од 2023 година. На врвот на листата се државјани на Украина (2.400 лица), по што следат Турција (2.200) и Молдавија (1.800). Македонија е на четвртото место со спомнатите речиси 1.700 добиени бугарски пасоши.

Од БНР ја пренесуваат оценката од извештајот дека процесот на доделување бугарско државјанство продолжува да биде од интерес за голем број луѓе од регионот и пошироко. Според извештајот, во 2024 година биле издадени 227 декрети за промена на бугарското државјанство, а над 11.700 лица го добиле по основ на потекло или општа натурализација. Одбиени биле скоро 6.000 барања.

Речиси 4.500 лица се откажале од своето бугарско државјанство.










# Македонија одбележа 153 години од раѓањето на Гоце Делчев

Република Македонија со низа настани ја одбележа 153-годишнината (23 јануари стар стил / 4 февруари нов стил) од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев. Централното чествување се одржа на неговиот гроб во дворот на црквата „Свети Спас" во Скопје, каде што цвеќе положија претставници на државниот врв, пратеници, партии и граѓански здруженија.

Премиерот Христијан Мицкоски порача дека македонската Влада треба да има традиција и во иднина да го чествува овој ден, „бидејќи ова е наш македонски великан кој е дел од македонскиот идентитет и неговото дело не смее никогаш да биде заборавено".

На ова чествување немаше делегација од Софија. Шефот на бугарската дипломатија Георг Георгиев за тамошните медиуми изјави дека Бугарија не добила покана од Македонија.

- Гоце Делчев е нераздел од македонскиот народ. Во историјата нема да најдете човек за кој толку многу се пишувало и пеело. И по 153 години од неговото раѓање се уште продолкжува неговата приказна, порача од Штип претседателката Гордана Сиљановска-Давкова.

Таа го посети и Универзитетот „Гоце Делчев" каде положи свежо цвеќе пред споменикот на учителот, што се наоѓа пред Ректоратот во Ново Село, односно во зградата во која учителствувал Гоце Делчев.

Инаку, претседателката Сиљановска-Давкова и премиерот Христијан Мицкоски решија да не ја прифатат поканата да присуствуваат на музички концерт во чест на Делчев во Софија. Поканата, според организаторот, ја одбиле и министрите Владимир Мисајловски, Весна Јаневска, Орхан Муртезани... По ова учеството на концертот, чиј покровител беше бугарскиот претседател Румен Радев, го откажаа и поетесата Валентина Божиновска и оперската пеачка Илина Митревска (кои беа во програмата).



# Птичји грип донесе смрт за стотици илјади кокошки




Разорен сој на птичји грип е потврден во *Нов Јужен Велс*, изјави државниот министер за земјоделство. Стотици илјади кокошки се убиени на фарма во регионот *Хоксбери* во близина на *Сиднеј* кога во средината на 2024 година бил откриен X7H8 сој на птичји грип. Во тој период се направени испитувања со кои е утрведено присуство на сојот X7 во *Викторија*. Но испитувањата направени последните неколку недели покажаат присуство на оваа инфекција во *Викторија*.

Овие две епидемии се најголеми во историјата на живинарството во *Австралија*. Во средината на 2024 година, кога се појави овој сој, јајцата биле станаа дефицитарен производ во супермаркетите.

Регионот *Хоксбери* е дом на мали производители на јајца а ефектите од многу поголемата епидемија во *Викторија* се уште се чувствуваат во продавниците.

*Вулвортс* се уште има ограничување за купување две кутии јајца по лице во сите држави освен *Западна Австралија*. Управните тела на производителите на јајца и *Колс* контактирале со *NewsWire* за да ги објаснат ефектите од официјалната потврда на инфекцијата врз понудата и цената на јајцата неколку месеци по недостигот. Портпаролот на *Вулвортс* изјави за *NewsWire* убивањето на кокошки во *Викторија* пред неколку месеци се уште влијае на ограничената понуда со јајца. *„Во јуни минатата година, австралиската индустрија за јајца беше погодена од епидемија на птичји грип, која оттогаш е ставена под контрола. Епидемијата го намали бројот на кокошки несилки во Австралија и за жал ќе биде потребно извесно време повторно да се обнови овој фонд“. Во меѓувреме, индустријата за јајца работи на зајакнување на понудата на пазарот*“ - изјави портпаролот.

*„Вообичаената зголемена побарувачка за јајца за време на Божиќ и Нова Година донесе дополнителен краткорочен притисок врз достапноста на јајцата во сите продавници, без разлика колку е стабилна понудата. Нашето снабдувањр со јајца продолжува да се подобрува и тесно соработуваме со добавувачите за да добиеме што е можно повеќе јајца“.*

**Тара Мориарти**, министерка за земјоделство на *Нов Јужен Велс* рече, потврдувањето на овој сој птичји грип е тешка задача. *„Ова бараше сеопфатен одговор од владата на Нов Јужен Велс и соработка со индустријата, земјоделците и заедницата за конечно да се потврди овој вирус. Сакам да им се заблагодарам на сите работници и персоналот во индустријата што неуморно работеа за да ја заштитат индустријата и да се намалат ефектите од епидемијата*“ - изјави во петокот.

Овој сој на вирусот бил пронајден на две живинарски фарми и четири некомерцијални имоти во јуни 2024 година. Оттогаш, стотици илјади диви птици се убиени. Тестирани се над 6.800 примероци, со учество на 288 вработени во Министерството за примарни индустрии и регионален развој. Шест имоти се ставени во карантин, исчистени и деконтаминирани, а стандардна практика е да се еутанизираат дивите птици во садови со јаглерод диоксид. Епидемијата во *Нов Јужен Велс* инфицирала фарма во *ACT* која била




поврзана со имоти во областа *Хоксбери*. Во јули, биле пронајдени инфицирани животни во дворови во АСТ бидејќи биле во првобитната карантинска зона на оваа фарма. Во ноември, сите итни рестрикции се укинати во АСТ. Епидемијата во *Нов Јужен Велс* не е поврзана со епидемијата во *Викторија*. *Нов Јужен Велс* имал епидемија на сојот на вирусот Х7Н8, а на помал број фарми во *Викторија* пронајден е сојот на вирусот Х7Н3 односно Х7Н9. Пред две недели, владата на *Викторија* објави дека два соја на вирусот кои биле откриени во близина на *Мередит* и еден во близина на Теранго се искоренети. Птичјиот грип се шири меѓу дивите водни птици, но повремено може да се прошири и на луѓето. Сојот на птичјиот грип Х7Н8 во *Нов Јужен Велс* не е ист како сојот Х5Н1 што предизвикува глобална загриженост, особено во *САД*. Во *САД*, Министерството за здравство и човечки услуги неодамна обезбедило дополнителни $306 милиони за следење на зараза, тестирање и образовни програми. Овој високо патоген сој на птичји грип ги погодува дивите птици и живината и некои цицачи на сите континенти освен *Австралија*.

# Разговор меѓу Марлс и Хегсет за важноста на американското лидерство во Индо-Пацификот



Министерот за одбрана **Ричард Марлес** соопшти дека разговарал со новиот американски секретар за одбрана **Пит Хегсет** *„за важноста на американското лидерство во Индо-пацифичкиот регион“.*

**Марлс** во своето обраќање пред новинарите нагласи дека тоа бил *„навистина добар разговор и имало топлина во него“.*

*„Американското раководство го поддржува глобалниот поредок заснован на правила од крајот на Втората светска војна. Апсолутно ми е јасно дека оваа практика ќе ја поддржи и продолжи и администрацијата на Трамп“* - додаде **Марлс**.

Според него, се разговарало и за потребата за напредок во однос на сојузот *АУКУС.*

Трилатералното партнерство на *АУКУС* со *САД* и *Британија* е најскапиот одбранбен проект на *Австралија* и предвидува продажба на американски подморници на нуклеарен погон на Австралија, како и нова класа на подморници кои ќе се градат во *Австралија* и *Британија. Соединетите Држави* се главен безбедносен сојузник на Канбера, а централно-*левичарската* влада на **Ентони Албанезе** се обидува да ги продолжи блиските одбранбени врски со администрацијата на новоизбраниот американски претседател **Доналд Трамп.**




**НАЈНОВА АНКЕТА:**

# Две третини од граѓаните не веруваат во фер судење

Две третини од граѓаните на Македонија (62.6%) сметаат дека не можат да добијат фер судење во земјата, покажува најновата анкета на емисијата „Детектор" на ТВ „Сител". Ова е значителен сигнал за недовербата во правосудниот систем, иако има мало зголемување на оние кои веруваат во фер судење – 23.5% во споредба со 19.3% во 2023 година.

Анкетата покажува дека правдата е селективна, според 73.5% од испитаниците, бројка која останува непроменета во последните две години.

## Незадоволство од институциите

• Судството: Само 8.4% од граѓаните целосно му веруваат, а уште 18.4% имаат делумна доверба. Половина од испитаниците (51.6%) изјавиле дека воопшто не му веруваат.

• Обвинителството: Веруваат само 5.8%, а донекаде му веруваат уште 20.5%. Половина од испитаниците (50.5%) воопшто не му веруваат.

• Полицијата има нешто поголема доверба – 19% целосно ѝ веруваат, а 29.8% делумно.

Дополнително 77.2% од граѓаните сметаат дека правосудството е под надворешни влијанија, а само 10.8% веруваат во неговата независност.

Голем број граѓани сметаат дека Судскиот Совет и Советот на јавни обвинители треба да бидат распуштени:

• 57.8% велат дека Судскиот Совет треба целосно да се распушти.

• 54.6% сметаат дека Советот на јавни обвинители треба да се укине.

Анкетата за Детектор ја спроведе Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) телефонски, од 24 до 27 декември 2024 година, на репрезентативен примерок од 1066 испитаници.



**НЕМА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ:**

## ОД ПОТРЕБНИТЕ 261 ВО МОМЕНТОВ ИМА ПОМАЛКУ ОД 97, СЕ ВИКААТ НАЗАД ПЕНЗИОНИРАНИ ЗА ДА ПОМОГНАТ

Државниот јавен обвинител Љупчо Коцевски во емисијата „Daily Click" на ТВ21 истакна дека се соочуваат со проблеми во поглед на бројот на кадар.

Од потребните 261 обвинител, моментално во целата земја има само 97 јавни обвинители.

За да се справат со недостигот, во ЈО прават договори со пензионирани обвинители за да се вратат и помогнат во работењето.

- Проблемите се таложат, меѓутоа ние работиме и натаму со она што можеме да го направиме и верувајте вложуваме натчовечки напори, вели Коцевски.

АХАМ
BRIDGE OF HUMANITY

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251
СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Крис Павловски објави дека НВО и УСАИД ја киднапирале Македонија

Претседателот на САД, Доналд Трамп, само што ја презема функцијата ја замрзна речиси целата странска помош, истакнувајќи дека ќе ги прегледа трошоците за да се осигури дека средствата се трошат во согласност со неговата политика „Америка на прво место". Деновиве продолжи со реформи во Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД). Постави свој човек а голем број вработени беа испратени на административно отсуство. Според американски медиуми, Трамп има намера да ја стави агенцијата под контрола на Стејт департментот.

Крис Павловски, канадски милијардер чии родители се од Македонија, на платформата X коментираше дека и Македонија била дел од земјите за кои вели дека била киднапирана од невладини организации и УСАИД.

„И Македонија е киднапирана од лево ориентирани невладини организации и УСАИД. За Американците можеа да се заштедат 290 милиони долари", напиша Павловски на X, а во објавата го означи (т.н. „тагна") и Илон Маск.

Павловски е основач на платформата Rumble, која е дизајнирана како алтернатива на YouTube и работи во тимот на Доналд Трамп.




## Хакиран сајтот на Бигорски манастир на Инстаграм



Сајтот на Бигорски манастир на Инстаграм беше хакиран.

– Почитувани наши следбеници на социјалните мрежи, Ве известуваме дека нашиот официјален манастирски профил на Инстаграм е хакиран и во моментот нашето братство нема пристап до него, стои во објавата на страната на манастирот на Фејсбук.

Во меѓувреме, се додава, се преземаат сите законски мерки за негово восстановување.




# Пандов: Осудените за „Диво насеље" осум години беа главна власт во „Идризово", веќе не се



- Наркобосовите во затворите сега се ставени во глувчешка дупка, тие се тотално развластени, рече Александар Пандов, директор на Управата за извршување на санкции, во интервју во „Топ тема" на „Телма".

- Формирани се две интервентни полициски екипи (една во Скопје другата во Штип) за правење претреси по затворите. Акцијата е на Министерството за внатрешни работи, но ете ќе си дозволам дека некоја минимална заслуга за тие акции има и затворскиот систем, односно и јас како директор на Управата за извршување на санкциите и директорите во затворите. Кога дојдов, имаше недопирливи затвореници кои што биле преместувани од еден затвор во друг, па јавувања, па пак враќани. Во некои ќелии не смеело да се влезе. На пример осудените за „Диво насеље" се во „Идризово" од 2016 година, и тие си беа мајчините позиционирани како си беше нивно. Таму како главни беа, главна власт, никој ништо не им смееше. Сега првпат е случено, двајца од нив не се повеќе таму. И тоа не е само за нив, тоа е порака за сите останати дека кога сакаме ние како затворска власт, можеме кога сакаме, каде сакаме да го однесеме и тие погодности што тие таму си ги уживале, да ги немаат, рече Пандов.

## Само при претрес во понеделникот: Откриени 70 телефони кај притворениците во ќелиите во Шутка

Седумдесет телефони само во понеделникот биле откриени кај притвореници во Истражниот затвор „Скопје" (Шутка) во претреси во 40 ќелии (со 275 притвореници), извршени од интервентна единица од затворот „Идризово", соопшти директорот на Управата за извршување санкции Александар Пандов.

- Тврдам дека во најголем дел мобилните телефони и дрогата се внесуваат од тие затворски полицајци коишто и ден-денес таму уште работат... Тврдам дека во затворскиот систем е најголемата корупција во земјата. Во земјата има 12 затвори и две установи од отворен тип. За жал во овие казнени установи работи истиот персонал што го наследивме. Нови се само директорите, рече Пандов.

Тој соопшти дека во моментов во Обвинителство се води постапка против 32 затворски полицајци и други вработени, а против 100 други се поднесени дисциплински постапки.

Според Пандов, сега се прават пет пати повеќе претреси од претходно и за разлика од порано кога, како што рече, при претресите се наоѓале само два-три расипани телефони, сега наоѓаат и 70 во еден ден. Во интервјуто Пандов кажа дека во минатото биле вработувани за затворски чувари лица кои порано биле затвореници!? Во изминатите седум месеци најмалку 20 затворски полицајци се избркани од работа и „тој процес нема да прекине".

Најголем проблем за затворите е недостигот на чувари. По некои стандарди треба да има еден чувар на тројца затвореници, а кај нас се 6:1. Добивме ветување од Министерството за финансии дека во најскоро време ќе може да вработиме околу 200 затворски чувари чија плата е повисока од онаа на полицајците (со средно школо почетна плата е 40.000 денари, а тие со повисоки чинови земаат и над 60.000 денари, плус бенефициран стаж).



# Возачот што ја прегази Фросина ќе се гони за кривично дело „убиство со умисла“

Казна затвор од 4 до 20 години му се заканува на возачот кој ја усмрти 22-годишната **Фросина Кулакова** од *Неготино*, на пешачкиот премин кај Универзална сала во *Скопје*. **Васил Јованов** (20) со 0.8 промили во крвта и со брзина од над 120 км/ч ја удрил **Фросина** на пешачки премин на булеварот *„Партизански одреди“*, додека било зелено светло за пешаците.



Јавноста во *Македонија* се огорчи во случајов во кој младиот возач немал ниту положено возачки испит. Имал 14 сообраќајни казни при кои секогаш било јасно дека нема возачка!? Секогаш ја користел можноста да плати глоба. Колата „пежо 207“ за 18 роденден му ја подарил татко му **Зоран**, кој знаел дека повеќе од две години синот нема возачка и му ги плаќал казните. Но **Васил Јованов** имал проблем со полицијата и како нарко-дилер. При претрес во неговиот дом најдени биле 80 пакетчиња со амфетамини. Иако е полнолетен, судијката **Даниела Алексовска-Стојановска** во февруари 2024 го осудила на воспитно-поправен престој во дом за млади престапници во *Тетово*, но тој таму не стапнал бидејќи пресудата до ден денес не е правосилна.

Обвинителството ја уверува јавноста дека ќе го гони **Васил Јовнов** за *„тешко кривично дело во сообраќајот сторено со умисла“.* Родителите и сестрата на **Фросина Кулакова** побараа одговорност и од **Зоран Јованов**, таткото на возачот како и од судијката **Даниела Алексовска-Стојановска**.

**Кулакови** истакнаа дека општеството е огледало на вредностите што ги носат оние кои го водат, а децата се најчистиот одраз на своите родители.

Со **Васил** се случи уште еден скандал - вториот ден откако влезе во притвор во *Шутка* му беше најден мобилен телефон. Се откри дека му бил доставен од соседната ќелија, во кутија со наполитанки, а бил платен 250 евра (пари кои родителите на **Јованов** ги уплатиле кај братот на притвореникот што му го продал мобилниот). Затворскиот стражар е суспендиран.


## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary” Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ОДРЖАН ПРВИОТ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА



Се одржа и фудбалска средба на звездите и легендите



МКУД "Светлост"



Кони Боглис општинската советничка од Даребин, Билјана Стефановска-Сековска амбасадорка на Р. Македонија, Дејвид Цветковски претседател на ФК Престон Македонија и отец Тоне Гулев



Имаше забава за децата

Минатава седмица на жешкото време во *Мелбурн* се одржа првиот Фестивал на македонската заедница. Преку три дена - од петок 31 јануари до недела 2 февруари - имаше голем избор на настани, храна и пијалоци. Организатор беше македонскиот фудбалски клуб *Престон Македонија*, на домашниот стадион *"Genis Steel Stadium"*, во *Резерво*.

Првата вечер започна со распродаденото шоу на комедијантот *My Cousin Vlad* во македонскиот ресторан *Mystique*,

NUMERIC ACCOUNTING
SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES
✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books
За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела
ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS
Accountant & Registered Tax Agent


Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com


МКУД Јане Сандански


МКУД Јане Сандански


Андон Дончевски повторно на селекторската клупа

што се наоѓа непосредно до стадионот.

Во сабота и недела, организаторот понуди повеќе натпревари, фудбалска академија, средби со фудбалерите, забава за најмладите, шоу на колекционерски автомобили и разновидна храна од македонската кујна.

Се одржа и фудбалска средба на македонските ѕвезди и легенди во која тренери беа: **Лубе Петровски** и **Андон Дончевски**. Како фудбалери настапија: **Зоран Илиоски, Лу Пеѓропулос, Кон Опасинис, Ѓорѓи Петров, Алекс Петровски, Наум Секуловски, Ѓорѓи Јолевски, Роберт Спасевски, Зоран Трајчески, Крис Емшовски, Бил Пицуловски, Мајкл Бранов, Андреј Бранов, Ник Лазаревски, Злате Илиевски, Лес Анастасиу, Пецо Димовски, Роберт Долевски, Роб Стамболџив, Игор Георгиевски, Том Марковски, Симон Мицевски, Хенри Велковски, Пеце Стојчевски, Роб Стојчевски, Зоран Петревски, Сашо Бечвиновски, Пеце Сивески, Лори Ристевски, Васко Трпчевски, Џон Сапасовски, Џон Ангеловски, Пеце Кузманоски, Крис Стерјовски** и **Тони Стерјовски**.

За музичкиот дел се погрижија *"Огнени момчиња"* и **Лидија Спасевска**, а тука беа настапите на играорците од *МКУД „Јане Сандански"* и *МКУД „Светлост"*. Практично имаше од се за присутните да уживаат во текот на прекрасна прослава на културата, нашата историја и делата на заедницата.

За следната година управата на клубот најави дека фестивалот ќе биде дел од националниот Македонски куп, на кој домаќин ќе биде *Престон Македонија* и ќе можеме да ги видиме сите наши клубови од *Австралија*.

Продаваме ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО од Јужна Австралија

21 PARK Rd HOMEBUSH (WE HAVE MOVED FROM WHERE WE WERE 150 mtrs UP PARK ROAD)
Започнува од Петок 28 февруари од 5 наутро до 16 часот, работиме секој ден освен Сабота до 29 април.

PLEASE PURCHASE EARLY TO AVOID MISSING OUT!

Corner of Morisset and Carinya Street, Queanbeyan.
На 19 март, 26 март и 2 април од 5 наутро до 12:30 попладне за 3 недели.

Andrew 0411557774
Con 0411557778

# Контролорот на летање порано си заминал од ноќната смена кога се судрија авион и хеликоптер во Вашингтон



По авионската несреќа на реката *Потомак*, каде патнички авион со 60 патници и четворица членови на екипажот се судри со воен хеликоптер *Блек Хок*, се дознава дека само еден контролор бил на смена додека другиот си заминал порано од ноќната смена.

Според американските медиуми, надзорникот му дозволил на контролорот на летање да ја напушти смената порано ноќта, оставајќи само еден кој управувал со сообраќајот за авиони и хеликоптери.

Инаку, истражителите на авионската несреќа на река-та *Потомак*, каде патнички авион со 67 патници и четворица членови на екипажот се судри со воен хеликоптер *Блек Хок* со три лица, успеаја да ги пронајдат двете црни кутии кои ќе дадат одговори за причините за шокантниот судир во небото над *Вашингтон*.

Националниот одбор за безбедност на транспортот ја даде црната кутија за детална анализа.

## Мариовска средба во Мелбурн

Селските друштва *Будимирци* и *Ореово*, организираат *Мариовска средба* со сите мариовци и пријателите. Средбата ќе се одржи во недела, на 16 февруари 2025 година, во *Werribee Park* од 9 наутро (овој парк се наоѓа на *Melway Map 201 B3*). За повеќе информации јавете се кај: **Косте 0431 360 291** и **Цане 0418 730 584**

## Македонско литературно друштво „Ванчо Николески", КВИНБИЈАН

По повод осум годишнината од основањето на друштвото и промоција на печатени публикации ВЕ ПОКАНУВАМЕ НА СВЕЧЕНАТА ПРОСЛАВА значајна манифестација во промоцијата и зачувувањето на македонскиот јазик и писмо, надвор од рамките на нашата татковина *Република Македонија*. *Датум:* сабота, 22 февруари 2025 год. со почеток во 12:00 часот на пладне. *Локација:* Македонски центар *Св. Илија Квинбијан, 266 Crawford St, Queanbeyan*

На оваа прослава ќе биде промовиран романот „Злоупотреба на љубовта" од **Велика ЏАНГАЛОВСКА ГАТСИС**, член на друштвото.

Промоција на најновата книга *„Клучот за трајна љубов"* од д-р **Снежана ЏАМБАЗОВА ПОПОРДАНОСКА**, мотивациска говорничка, психолошка советничка, авторка на книги за личен развој.

Сите се добредојдени. Влезот е бесплатен.

# Трамп бара ретки метали од Украина во замена за помош; Шолц: Тоа е многу себично



Германскиот канцелар **Олаф Шолц** остро реагира на идејата на американскиот претседател **Доналд Трамп** да бара од *Украина* да ги снабдува *Соединетите Американски Држави* со ретки метали како услов за финансиска помош за земјата разурната од војна. **Шолц** го изрази своето несогласување со идејата по неформалниот состанок на министрите за одбрана на *ЕУ* во *Брисел*. Германскиот канцелар смета дека со украинските ресурси треба да се финансира нејзината реконструкција по војната. *„Треба да ги искористиме ресурсите на земјата за сѐ што ќе биде потребно по војната"*, изјави **Шолц**. Тој додаде дека користењето на овие средства сега за потребите на поддршка на одбраната би било многу себично и фокусирано само на сопствените интереси. **Шолц** нагласува дека на *Украина* во иднина нема да ѝ треба само силна армија, туку и огромни финансиски средства за обнова на земјата.

*„Ова се големи задачи, со оглед на огромното уништување што се случува во Украина. Затоа мислам дека би било подобро да се искористат украинските ресурси за подобра иднина"*, заклучи **Шолц**.

Трамп претходно во Овалната соба на Белата куќа рече дека сака *„да склучи договор со Украина според кој тие со своите ретки метали и други работи ќе го обезбедат она што им го даваме"*. Тој се пожали дека *Европа* не обезбедила исто ниво на помош за Украина како *САД*.

Тој нагласи дека украинската влада сигнализирала отвореност кон идејата за размена на своите резерви на литиум, титаниум и други ретки метали за континуирана американска помош. *„Украина ја изрази својата подготвеност да соработува во снабдувањето со основни материјали. Многу сектори се потпираат на нив"*, додаде тој.

## Ветераните од Томастаун

Пензионерската група на ветераните од *Томастаун* и околината ги известува своите членови дека започна со дружењето, секоја сабота од 9 до 14 часот во *Barry Road Community Activity Centre* на *36 Barry Road Thomastown.*

Примаме и нови членови, сите се добредојдени, за повеќе информации кај **Косте** на моб: **0431 360 291**, **Ило** на моб: **0409 170 812** и **Вера** на тел: **9466 2094**


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1849 Year 38 • Tuesday, 4 February 2025 • Price $5.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот

AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03 9471 4556

03 9471 4559

mobile 0401 686 970

НА ЕКОНОМИЈАТА НИ ЗАВИДУВАШЕ ЦЕЛ СВЕТ, СЕГА ЗАОСТАНУВАМЕ

ВО МЕЛБУРН

PLFC MACEDONIAN COMMUNITY FESTIVAL 2025

## ОДРЖАН ПРВИОТ ФЕСТИВАЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА

ЗА ПРОТЕРУВАЊЕ ОД САД

НА ЛИСТАТА НА ТРАМП ИМА 341 ДРЖАВЈАНИН НА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВАТА СТОКМИ НОВИ A$250 МИЛИОНИ ЗА „БЕХТЕЛ И ЕНКА“

ВЛАДАТА ИСПРАЌА ЧЕТВОРИЦА НОВИ АМБАСАДОРИ, А ВРАЌА ДЕВЕТМИНА

МАКЕДОНЦИТЕ ЛАНИ КУПИЛЕ НАЈМНОГУ НОВИ АВТОМОБИЛИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ 15 ГОДИНИ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при рагање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанyација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Бојан Димоски е нов играч на белградски Партизан!



Македонскиот репрезентативец Бојан Димоски во новата година ќе има нов клуб, затоа што го напушти руски Акрон Тољати порано од предвиденото и се пресели во Србија.

Нов клуб на македонскиот играч е белградски Партизан.

Димоски во Белград доаѓа на позајмица со право на откуп. Сите детали се договорени, останува само потписот на договорот и промоцијата.

23-годишниот бек кој се афирмира како македонски репрезентативец под водство на Благоја Милевски пристигна во Акрон во јули 2023 година, а за него ова беше прва интернационална станица.

Бојан Димоски почна со сениорскиот фудбал во Вардар, со кого стана шампион на Македонија. Настапуваше уште и за Брера Струмица. За Македонија има вкупно 18 настапи.

## Стефан Ашковски потпиша за Етникос Ахна

Македонскиот репрезентативец Стефан Ашковски е нов член на кипарскиот Етникос Ахна. Тој ја прифати понудата за заминување на Кипар напуштајќи го турскиот второлигаш Шанлиурфаспор.

Ашковски во кариерата мина низ првенства во неколку земји, беше интернационалец во Србија, Бугарија, Холандија, Норвешка, Полска, Грција, Ерменија, Турција…

Негов најнов предизвик ќе биде Кипар, каде ќе го носи дресот на Етникос Ахна.

## ФИФА им забрани нови играчи на Воска Спорт и Брегалница во следните три преодни рока!



Светската куќа на фудбалот (ФИФА) на најновата листа на клубови со забрана за трансфери вметна два нови клуба од Македонија: прволигашот Воска Спорт и второligашот Брегалница Штип. Забраната за нивни трансфери е во следните три преодни рока.

Нема информации зошто се забраните, но веројатно се работи за некаков долг кон играч, агент или тренер, па суспензијата доаѓа по негова пријава. Претежно вакви проблеми клубовите имаат заради неисплатени плати кон странски имиња.

Од претходно на листата на клубови со забрана за регистрација на играчи е Шкупи. Од Шкупи најавија дека ќе ја разрешат ситуацијата брзо и дека со доаѓањето на новиот газда забраната ќе биде тргната. Од другите клубови нема информации како оди текот на овој процес.

ФК Скопје, пак, кој беше на претходната листа, нема повеќе забрана за регистрација на играчи.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**ДОНЧИЌ:**

# Легнав да спијам и ми заѕвони телефонот, следуваше тотален шок




Лука Дончиќ (25) и официјално е претставен во Лос Анџелес Лејкерс. На првата медиумска конференција одржана во тренинг центарот на Лејкерси, Дончиќ ги откри впечатоците по шокантниот трансфер.

Словенечкиот репрезентативец се огласи за трејдот кој го шокираше светот (Ентони Дејвис отиде од Лејкерси во Далас). Тој зборуваше неколку зборови за Далас и времето поминато со Мевс, а најмногу за новиот клуб, каде што ќе има можност да ја дели соблекувалната со својот идол од детството – Леброн Џејмс.

- Сите беа изненадени од трејдот, а можете да ме замислите како ми беше мене. Вечерта бев речиси заспал кога добив повик. Прво не можев да поверувам. Мислев дека тоа е првоаприлска шега! Тотален шок! Првиот ден ми беше особено тешко. Тоа е нивна одлука и немам коментар за тоа. Не знам што направија. Но сега ќе играм за најголемиот клуб во светот и среќен сум поради тоа. Играњето за Лејкерс ќе биде голема мотивација. Возбуден сум поради оваа можност. Ја сакам титулата. Не доаѓате овде за ништо друго, рече Словенецот.

За тоа колку сево ова било неочекувано сведочи и податокот дека Лука Дончиќ само десетина дена порано си купил куќа во Далас за 15 милиони американски долари. Тој беше подготвен за нов договор со Далас кој требаше да го потпише на крајот од оваа сезона, а се работеше за петгодишна соработка вредна дури 345 милиони долари. Сега сето тоа оди во заборав.

За седум години поминати во Далас, Дончиќ има просек од 28,6 поени, 8,7 скока и 8,3 асистенции по меч.

# Данска го одбрани златото на СП




Репрезентацијата на Данска ја совлада Хрватска со 32:26 во финалето на Светското првенство во ракомет што се одигра во Осло.

Хрватска парираше само во првото полувреме, но Данците имаа целосна контрола врз играта и резултатот.

За Данска ова е 4 злато по ред на светските првенства со што се израмнија по бројот на титули со Шведска и Романија. Пред нив е само Франција со 6 титули светски првак. За Хрватска ова е шести медал на мундијалите, прв по 2013 година.



### ТОП ДЕСЕТ ТРАНСФЕРИ ВО ОВОЈ ПРЕОДЕН РОК:

# Манчестер сити доминира!

Заврши „зимскиот" преоден рок во најголемите европски првенства, а во него најголемиот трансфер го направи фудбалерот на Астон Вила, Џон Дуран со трансферот во Астон вила.

Најмногу потроши Манчестер сити кој претходно се соочи со резултатска криза, па Гвардиола и раководството на „граѓаните" брзо реагираа.

Вкупно на четири засилувања Гвардиола потроши 206 милиони евра и тоа е повеќе од останатите 19 премиерлигаши заедно. Нови имиња во Манчестер се Омар Мармуш од Ајнтрахт (75 милиони евра), Витор Реис од Палмеирас (37 милиони евра), Абукодир Хусанов од Ленс (40 милиони евра) и Нико Гонзалес од Порто (60 милиони евра).

Сите четири трансфери на „граѓаните" се помеѓу најскапите 10.




## НАЈГОЛЕМИ 10 ТРАНСФЕРИ ВО ЗИМСКИОТ ПРЕОДЕН РОК

1. Џон Дуран - од Астон Вила во Ал-Наср - 77.000.000 евра

2. Омар Мармуш - од Ајнтрахт во Манчестер сити - 75.000.000 евра

3. Квича Кварацкелија - од Наполи во ПСЖ - 70.000.000 евра

4. Нико Гонзалез - од Порто во Манчестер сити - 60.000.000 евра

5. Чави Симонс - од ПСЖ во РБ Лајпциг - 50.000.000 евра

6. Вандерсон Галено - од Порто во Ал-Ахли - 50.000.000 евра

7. Абукодир Хусанов - од Ленс во Манчестер сити - 40.000.000 евра

8. Виктор Реис - од Палмеирас во Манчестер сити - 37.000.000 евра

9. Луиз Енрике - од Ботафого во Зенит - 33.000.000 евра

10. Сантиаго Хименез - од Феенорд во Милан - 32.000.000 евра

### УЕФА:

## СРБИЈА И АЛБАНИЈА ДОМАЌИНИ НА ЕП У21 ВО 2027 ГОДИНА

Србија и Албанија ќе бидат домаќини на Европското првенство за играчи до 21 година на УЕФА во 2027 година. Деновиве ќе биде извлечена и ждрепката за квалификациите за завршницата во кои ќе учествува и младинската репрезентација на Македонија.

Заедничката понуда на Србија и Албанија е единствената што се разгледуваше во УЕФА, бидејќи се повлекоа другите претенденти за ЕП У21 во 2027 година - Белгија и Турција.

Според договорот меѓу двете Србија и Албанија, воведниот натпревар ќе биде во Нови Сад, а финалето ќе се игра во Тирана. Во секоја земја ќе се игра на по четири стадиона.

Откако Арманд Дука е претседател на Фудбалската федерација на Албанија (а воедно и потпретседател на УЕФА), оваа земја беше домаќин на финалето на Конференциската лига, на Европското првенство за играчи до 17 години и сега на Европското првенство за играчи до 21 година.



Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
СПОРТ
22
ISSN 1442-195X

# ТИНЕЈЏЕРОТ АНТОНЕЛИ ВО МАРТ ЌЕ ДЕБИТИРА ВО Ф1, А ШТОТУКУ ПОЛОЖИ ВОЗАЧКИ ИСПИТ



**Ако дебитира во Формула 1 на стартот на сезоната 2025, Кими тоа ќе го стори на возраст од 18 години и 208 дена**

Возачот на Мерцедес Андреа Кими Антонели треба да дебитира во Формула 1 на трката за ГН на Австралија во средината на март, на стартот на новата сезона. Ако тоа се случи Италијанецот ќе стане третиот најмлад возач во историјата на Формула 1.

Интересно, Антонели неодамна положи возачки испит и тоа од првпат, па се пофали на социјалните мрежи. Во тој „сегмент“ подобар е од актуелниот шампион Макс Верстапен кој возачки испит положил од вторпат.

Дебито во Ф1 на Антонели треба да биде кога тој ќе има 18 години и 208 дена. Со тоа Антонели би го поминал поранешниот тимски колега во Формула 2, Оливер Берман. Британецот дебитираше на 18 години и 305 дена во трката во Саудиска Арабија минатата сезона.

Најмлад дебитант во историјата на Формула 1 е Верстапен, кој дебитираше во Австралија во 2015 година со 17 години и 166 дена. Тешко дека овој рекорд некогаш ќе биде надминат бидејќи според сегашните правила на ФИА возачот мора да има 18 години за да добие супер-дозвола.

Од минатата сезона, таква дозвола може да се добие и пред наполнети 18 години, но со посебна процедура.

Вториот најмлад возач е Ленс Строл, кој дебитираше во Австралија во 2017 година со 18 години и 148 дена.

Италијанецот, кој е опишан како најголемиот талент кој пристигнал во Ф1 откако четирикратниот шампион Макс Верстапен дебитираше во 2015 година, ќе биде партнер со Џорџ Расел.

